СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

*Семинар на тема:*

# ПАРЛАМЕНТОТ (СОБРАНИЕТО) КАКО ОСНОВНА ИНСТИТУЦИЈА НА ПАРЛАМЕНТАРНОТО ПРАВО

*за студенти од универзитетите во Република Северна Македонија*

Содржините за семинарот се развиени и реализирани од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија

## <u>Општи информации</u>:

Парламентарниот институт е посебна организациона единица во Службата на Собранието на Република Северна Македонија, кој функционира како центар за истражување, едукација и информирање, воспоставен на принципите на непристрасност, достапност и кредибилитет.

Парламентарниот институт, помеѓу останатото, спроведува активности за едукација и информирање на граѓаните за работата и улогата на Собранието (согласно својата стратешка цел за отвореност на Собранието кон јавноста).

Во текот на годината, планирано е да се организираат три еднодневни семинари за едукација на студенти од универзитетите во Република Северна Македонија на тема **„Парламентот (Собранието) како основна институција на парламентарното право“**. Активноста претставува посебна програма на Одделението за едукација и комуникација на Парламентарниот институт која се спроведува како работилница во времетраење од шест часа. Овие семинари се наменети за студенти од прв и втор циклус на студии од акредитираните универзитети од Република Северна Македонија. Предност ќе имаат оние студенти кои во склоп на својата наставна програма изучуваат барем еден од наведените предмети: Парламентарно право, Уставно право, Конституционализам, Политички систем, Организација на власта и слично.

## <u>Опис на семинарот</u>

Едукативната активност е замислена да се спроведува во вид на семинар со времетраење од шест часа. Семинарот претставува обид да бидат опфатени теоретските аспекти на парламентарното право, со фокус на нивната практична примена. Пристапот на обучувачот е комбинација на презентација, фасилитација (олеснување/помагање) и фидбек (повратна информација). Низ семинарот преовладува интерактивниот пристап, што претпоставува вклученост и на учесниците низ поставување прашања и дискусии и размена на искуства. Семинарот значително се темели и врз искуството на обучувачите, кои освен практично знаење како дел од стручната служба на Собранието на Република Северна Македонија, поседуваат и академски (теоретски) познавања од областа.

Семинарот започнува со организирана обиколка низ свечениот дел на зградата на Собранието, која вклучува посета на салата Македонија (пленарна сала), салата Борис Трајковски, Охридската сала, салата

Длаборез и други простории. Преку обиколката, учесниците имаат можност одблиску да го запознаат просторот во кој работат пратениците во Собранието на Република Северна Македонија.

Агендата на семинарот се состои од четири тематски сесии. Првата сесија е посветена на историјата на парламентаризмот во Македонија, преку која студентите имаат можност да се запознаат со минатото, историските процеси, настани и личности кои оставиле свој белег на историјата на парламентаризмот во Македонија.

Во втората сесија се става акцент на организацијата и функционирањето на Собранието, односно што е она што го прави Собранието претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката. Целта на сесијата е запознавање на студентите со правилата по кои се одвива парламентаризмот и дејноста на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија.

Третата сесија ги комбинира теоретскиот и практичниот пристап на обучувачот при разгледување на правната положба на пратениците и различните улоги во кои може да се најдат народните претставници при извршувањето на пратеничката функција.

За време на последната сесија се разгледуваат основните надлежности на Собранието, со посебен акцент на постапката за донесување на законите.

Во рамките на втората и третата сесија ќе бидат вклучени и пратеници во Собранието, со цел на студентите да им се пренесе и практично искуство во однос на аспектите од работата на Собранието кои ќе бидат тема на разгледување на сесиите. На овој начин ќе им се овозможи на учениците директно да им поставуваат прашања и да разговараат со пратениците за нивната работа и улога во демократскиот процес, како и на значајни теми од областа на парламентаризмот.

На сите учесници на работилницата на крајот им се доделува сертификат за учество.

| | |
|---|---|
| **Општа цел на семинарот:** | Приближување на работата на Собранието до младата популација, што ќе придонесе за развивање на нивната свест за придобивките од демократијата и ќе ги поттикне за општествена и политичка критичност и вклученост. |
| **Број на учесници:** | Два факултети, бројот на учесници од еден факултет е до 14 студенти и едно одговорно лице (професор или асистент) |
| **Време:** | Три пати во годината |
| **Место:** | Едукативен центар на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија |
| **Јазик:** | македонски јазик со обезбеден превод на албански јазик |
| **Обучувачи:** | Семинарот ќе биде реализиран од страна на обучувачи од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт. |
| **Трошоци:** | Учеството на семинарот е бесплатно и вклучува бесплатни едукативни материјали, оброк и освежување за време на настанот. Трошоците за транспорт од/до местото на семинарот ги покриваат самите учесници. |
| **Начин на пријавување:** | Секој факултет кој ќе се пријави да учествува, номинира до 14 свои студенти кои ќе учествуваат на семинарот и едно одговорно лице кое ќе ги придружува. Пријавувањето се врши преку софтверската платформа за пријавување: seminari.sobranie.mk |
| **Контакт:** | e-mail: parl.inst@sobranie.mk<br>тел: 02/3182-227 |

**<u>Посебни цели на семинарот:</u>**

По завршувањето на семинарот, учесниците ќе бидат во можност:

- да се запознаат со минатото, историските процеси, настани и личности кои оставиле свој белег на историјата на парламентаризмот во Македонија;
- да се запознаат со Деловникот за работа на Собранието како најважен извор на парламентарното право и највисок израз на автономијата на Собранието;
- да го знаат составот на парламентот и факторите кои влијаат на неговиот состав и структура;
- да се запознаат со статусот на пратениците, како и природата и својствата на правата кои го одредуваат нивниот статус во парламентот;
- да ја препознаат внатрешната организација на Собранието, на работните тела, пратеничките групи, претседателот на Собранието, како и органите кои раководат со парламентарната работа;
- да ги разберат основните надлежности на парламентот;
- да ги знаат фазите на постапката за донесување на закони и улогата на сите засегнати страни во истата.

За постигнување на овие цели, семинарот ќе ги опфати следните **<u>содржини:</u>**

| Содржини | времетраење |
|---|---|
| Организирана обиколка на зградата на Собранието | 60 минути |
| Историја на парламентаризмот во Македонија | 45 минути |
| Организација и функционирање на Собранието | 45 минути |
| Правна положба на пратениците | 45 минути |
| Основни функции на парламентот и постапката на донесување на закони | 45 минути |
| Евалуација и доделување на сертификати за учество на семинарот | 15 минути |